Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-595/2
17-10-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-595/1 од 12.9.2023 година, поднесена од [redacted] од Струмица, за извршена дискриминација врз основа на пол, род и религија или верско уверување во областа на Јавното информирање и медиумите од страна на [redacted] - Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20) го донесе следниот

ЗАКЛУЧОК

СЕ ОТФРЛА претставката бр. 08-595/1 од 12.9.2023 година, поднесена од лицето [redacted] од Струмица, заради ненадлежност.

Образложение

На 12.9.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] од Струмица, со адреса на ул. [redacted], Струмица, против [redacted] - Скопје за извршена дискриминација врз основа на пол, род и религија или верско уверување во областа на јавното информирање и медиумите.

Во претставката се наведува дека на 08.03.2023 година активистка и вработена во [redacted] - марширала со транспарент на кој со големи букви било напишано – „Црквата да одјебе". Според подносителот со содржината на овој транспарент се поттикнала верска омраза и насилство врз огромна група граѓани со христијанска вероисповед, дискриминација и вознемирување врз основа на религија и верско уверување, повреда на личен и општествен статус, социјален и општествен углед, чест и интегритет. За подносителот транспарентот е силно навредлив, понижувачки, вознемирувачки и исмејувачки кон верниците и го повредува достоинството на христијаните.

Во претставката се истакнува дека [redacted] како дел од организаторите на тој настан не го осудил овој транспарент, ниту се оградил од пораката, ниту од тогаш вработената [redacted] која го носела транспарентот.

По разгледувањето на претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека пријавениот проблем не спаѓа во законските надлежности предвидени во член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Ова од причина што содржината наведена во претставката се однесува на навреда, па следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација му укажува на подносителот на можноста да побара судска заштита

за граѓанска одговорност за штета нанесена на честа и угледот со навреда и клевета, согласно Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета.

Дополнително, во однос на перцепцијата дека со транспарентот се поттикнува омраза, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација му укажува на подносителот за можноста за поднесување на кривична пријава пред надлежен обвинител за кривично дело „Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, верска и друга дискриминаторска основа" од член 319 од Кривичниот законик.

Согласно горенаведеното се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател на Комисијата
Исмаиљ Камбери

Доставено до:

- [redacted]
- Архива на КСЗД